# С Т А Т У Т

ЗДРУЖЕНИЕ НА АКТЕРИ НА  МАКЕДОНИЈА

# ЗНАМ Скопје

АПРИЛ, 2023

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) Основачите на **Здружение на актери на Македонија ЗНАМ Скопје**, на седницата одржана на ден 18.04.2023 година, го донесоа следниот:

# С Т А Т У Т

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружение на актери на Македонија ЗНАМ Скопје (во натамошниот текст: Здружение) е доброволно, автономно и независно, материјално и финансиски непрофитно Здружение на граѓани, кое ги поврзува македонските драмски и аудиовизуелни актери со цел остварување на заеднички професионални, социјални, културни и национални интереси, и за промовирање на развојот на македонскиот театар, кинематографија и аудиовизуелна култура.

**Член 2**

Здружението делува на територијата на Северна Македонија, а може да организира и свои претставништва и подружници и надвор од РСМ. Здружението е независна, самостојна, невладина, непартиска, неполитичка и непрофитна организација.

Здружението може со одлука да членува или да соработува и на друг начин со домашни или меѓународни организации со слични интереси, а со цел остварување на основните цели на Здружението, доколку тоа не е спротивно на Статутот и другите акти на Здружението, Уставот или законите на РСМ.

**Член 3**

Здружението има својство на правно лице.

Називот на Здружението е: **Здружение на актери на Македонија ЗНАМ Скопје.**

Скратениот назив е: **Здружение ЗНАМ Скопје.**

Името на Здружението на англиски јазик гласи: **Association of actors of Macedonia ZNAM Skopje.**

Скратеното име на Здружението на англиски јазик е: **Association ZNAM Skopje.**

Седиштето на Здружението е во Скопје, на адреса: бул. Илинден бр. 103/1-11.

**Член 4**

Здружението има свое лого и може да работи со штембил. Логото на Здружението се состои од стилизирани иницијали на името на Здружението. Штембилот се состои од кратенката Здружение ЗНАМ Скопје, на македонски и на англиски јазик.

**Член 5**

Здружението работи со непрофитна цел, врз принципите на рационалност и транспарентност, и со почитување на правата за конкуренција, а своите права и обврски ги извршува во согласност со Уставот и законите во РСМ.

Принципите на јавност и транспарентност Здружението ги остварува преку:

- Објавување на сите правилници и другите акти на Здружението на веб страната на Здружението, во согласност со Статутот;
- Редовно информирање на членовите за сите облици на работење, со овозможување увид во спроведувањето на програмските задачи и активности преку поднесување на извештаи за работата на органите и телата на Здружението и за целокупното материјално и финансиско работење;
- Редовно известување и доставување на материјали на членовите низ средби и состаноци, со посредство на електронска пошта согласно овој Статут.

Надлежниот орган на Здружението, согласно Законот и правилниците, го подготвува годишниот финансиски извештај и го доставува до Собранието за усвојување.

Здружението ќе ја информира пошироката јавност за својата работа и активностите преку средствата за масовно информирање, со испраќање на дописи, одржување конференции и презентации за новинари и слично.

**Член 6**

Здружението може да основа свои ограноци (организациони единици) под услови и начин утврдени со посебна одлука која ја донесува Собранието на Здружението со 2/3 мнозинство од вкупниот број на гласови.

**Член 7**

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, законите и Статутот.

**Член 8**

Програмата и дејствувањето на Здружението не можат да бидат насочени кон:

- насилно уривање на уставниот поредок на РСМ;
- поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;
- превземање активности кои се спротивни на Уставот или со Закон и ги повредуваат слободите и правата на други лица.

**Член 9**

Статутот покрај одредбите определени со Законот за здруженија и фондации содржи и:

- името и седиштето;
- целите на Здружението;
- дејностите со кои се остваруваат тие цели;
- условите и начинот на зачленување, и престанок на членувањето во Здружението;
- правата, обврските и одговорностите на основачите и членовите;
- видот на органите на Здружението и нивниот состав, начинот на избор и разрешување на нивните членови;
- траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување;
- застапувањето по закон;
- внатрешните организациони форми на Здружението;
- начинот на располагање и стекнување со средствата;
- начинот на донесување на финансиски и други извештаи;
- начинот на остварување на јавност и отчетност во работата;
- начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот

начинот на донесување на други акти;
- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;
- начинот на донесување на планови и програми;
- постапување со средствата и имотот во случај на престанок на здружението;
- лого и веб страница на здружението;
- судир на интереси;
- начин на разрешување на спорни прашања и
- други прашања од значење за работата на Здружението.

За сè што не е уредено со овој Статут и правилниците на Здружението, ќе се применуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации, како и останатите позитивни Закони на Република Северна Македонија, Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните договори ратификувани од Република Северна Македонија.

**Член 10**

Здружението е основано на неопределено време.

**Член 11**

Здружението одговара за своите обврски со целиот свој имот и средства.

Членовите на органите на Здружението одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Здружението, за злоупотреба на средствата на Здружението, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Здружението како правно лице, за да им нанесат штета на своите доверители.

**Член 12**

Членовите на органите на Здружението и нивните застапници по закон се одговорни солидарно за штетата на Здружението предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

Во случај на настаната штета, барањето за надомест на штетата го поднесува Надзорниот одбор.

## II. КРАТКОРОЧНИ И ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 13**

Основната краткорочна цел на Здружението е да создаде и да ги подобри условите за работа за сите драмски и други аудиовизуелни актери и да ги поттикне членовите да работат самостојно, слободно и креативно, во поволни услови, за членовите да развијат одговорен однос кон актерската професија во театарските и аудиовизуелните дела (во натамошниот текст: актери), и да се промовира опсежно разбирање на делата изведени од македонски и странски актери.

Здружението ќе се стреми и залага кон остварување на следниве цели:

- ги спроведува и ги застапува интересите на своите членови во општествениот живот,
- ја застапува слободата на креативност и ја оптимизира позицијата на македонскиот аудиовизуелен сектор со сите правни средства во согласност со долгогодишната традиција на македонскиот филм и сите важечки закони,

■ се обидува да обезбеди најдобри можни услови за креативна работа на македонските актери, вклучително правично плаќање и подобри услови за работа за своите членови. Во тој поглед, Здружението се стреми да воспостави единство меѓу своите членови и да подготви, спроведе и обезбеди стандардни минимални услови во нивно име,
■ соопштува мислења и ставови за предлогот за национална културна програма или за програмите за кинематографија, медиуми и телевизија кои се предложени за јавно финансирање,
■ учествува во изготвување закони, регулативи и планови за театар, кинематографија, телевизија и продукција, и учествува во дистрибуција на аудиовизуелни дела,
■ го подобрува нивото на професионализам на своите членови и се залага за почитување на моралните принципи во делата на Здружението и неговите членови,
■ е посветено на прифаќање и објавување на етичките правила за оваа професија и ги охрабрува своите членови да ги почитуваат,
■ соработува со странски и македонски професионалци, организации и институции кои професионално или научно се занимаваат со глумење во театар и аудиовизуелни дела (филмови, серии, спотови и др.),
■ номинира кандидати за награди за национална култура,
■ развива културна дејност преку промовирање на културно творештво и културно образование,
■ ја промовира македонската театарска и филмска уметност и аудиовизуелните дела на македонските актери во земјата и во странство,
■ учествува во културни активности (издаваштво, библиотекарство, печатени и други медиуми, филм и театар, уметнички награди итн.) во согласност со важечките правила во оваа област,
■ архивира материјал којшто ја покажува активноста на актерите.

**Член 14**

Заштитата на слободата, правата и интересите на професионалните актери и соработници Здружението ги остварува и преку:

1. Приговори и јавни дебати;
2. Јавен протест;
3. Информирање на домашните и меѓународните организации, институции и медиуми;
4. Повик на штрајк;

**Член 15**

Здружението ги постигнува краткорочните и долгорочните цели со извршување на следните непрофитни задачи и активности:
■ дискутира и зазема ставови за сите прашања кои се важни за неговите членови и им нуди стручна помош и поддршка од нивното поле на работа,
■ организира професионална обука за своите членови во форма на семинари, работилници и обуки,
■ организира јавни презентации за активностите на Здружението во форма на стручни состаноци, проекции, ретроспективи, јавни настани и симпозиуми,
■ објавува стручна литература, публикации и аудиовизуелни медиуми за складирање,
■ го објавува билтенот на Здружението,
■ соработува со слични здруженија и институции во земајата и во странство,
■ соработува со образовни установи и институции при воспоставување на образовни програми,

■ соработува со истражувачки и научни институции,
■ го привлекува вниманието на јавноста кон ставовите кон македонскиот театар и филм и кампањите за соодветното вреднување на македонскиот театар и филм во јавниот живот, како и меѓу националните институции,
■ ги охрабрува своите членови да развијат креативен и критички однос кон театарот, филмот и телевизијата,
■ организира средби со слични странски здруженија и познати домашни и странски режисери, и ја промовира актерската професија и статусот на актерите во театарот и останатите аудиовизуелни дела,
■ организира и координира седници во врска со активностите на Здружението и неговите членови, на кои ги застапува нивните интереси,
■ ги застапува своите членови во нивните правни работи и во односите со клиентите и/или корисниците на нивните дела, или во други случаи (на пример: во преговори и при склучување правни работи со соодветни колективни организации во Македонија и во странство, со домашни и странски продукциси куќи и др.),
■ го овозможува застапувањето на своите членови во судски постапки и други национални органи со цел заштита на нивните индивидуални и колективни авторски и сродни права и правни интереси,
■ може да прифати покани за заедничко основање и/или тесна соработка со соодветни колективни организации за заштита и спроведување на авторските и сродни права што се однесуваат на активностите на Здружението и неговите членови,
■ поднесува предлози за законски измени (вклучувајќи извршни акти и други регулативи) во врска со активностите на Здружението и притоа јавно ги спроведува неговите ставови,
■ собира, обработува и складира лични податоци во согласност со секторското законодавство и за целите на активностите на Здружението,
■ може да основа федерација на здруженија од областа на активностите на Здружението или сродни области,
■ може да номинира свои членови во разни комисии од делот на културата воопшто, потребни во работата на Министерството за култура, Агенцијата за Филм, останати владините служби, агенции, комисии и др.
■ може да основа институт за едукација и други стручни работи поврзани со дејноста на Здружението или федерацијата на здруженија.

Примарната дејност на Здружението не е профитабилна, а се состои во создавање и подобрување на условите за работа за сите театарски, филмски и други аудиовизуелни актери во сите области поврзани со продукцијата на театарски дела, филмови, серии и останати аудиовизуелни содржини.

За да ги постигне краткорочните и долгорочните цели, Здружението може, во согласност со регулативите, да ги врши следните профитабилни задачи и активности:
■ организирање професионална обука во форма на мајсторски работилници, семинари и часови:
- поинаку некласифицирано образование, и напредна и основна обука
- образование, и напредна и основна обука за култура и уметност
- образовни активности за поддршка

■ организирање јавни настани, ретроспективи, проекции, симпозиуми, стручни консултации, изложби и уметнички вечери, фестивали и церемонии за доделување награди:
-организирање изложби, саеми и состаноци
■ објавување стручна литература, публикации и аудиовизуелни медиуми за складирање, и претставување на креативноста во сопственото поле на дејност на друг начин, како што следува:
-подготовка за печатење и објавување
-репродукција на снимени медиуми за складирање податоци
-издавање книги
- издавање телефонски именици и адресари
-издавање весници
-издавање списанија и други периодични списанија
-останато издавање
-продукција на филмови, видео филмови, телевизиски програми
-дистрибуција на филмови, видео филмови, телевизиски програми
-кинематографска дејност
-снимање и објавување на звучни записи и музика
-радио дејност
-телевизиска дејност
- односи со јавноста и комуникациски дејности
- давање под закуп на интелектуална сопственост, освен авторски дела
■ обезбедување на потребни стручни мислења, застапување на членовите и посредување за нив:
- поинаку некласифицирани стручни и технички дејности (други стручни и научни совети; посредување во трговијата со авторски права).

Здружението мора да ги користи настаните од горенаведените профитабилни дејности за својата основна дејност за која е основано.

## III. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 16

Членувањето во Здружението е доброволно.

Член на Здружението може да биде секое физичко лице кое ги исполнува условите и критериумите определени во овој Статут и на кого му е одобрено членството.

За да стане член на Здружението, кандидатот мора да биде:

**а) полнолетен државјанин** на Република Северна Македонија кој **професионално се занимава** со глума во театар или на аудиовизуелни дела, или странски државјанин кој глуми на македонски јазик (или на јазиците на малцинствата) и кој (државјанин или странец) ги исполнува следните услови:

■ кандидатот изјавува дека го **прифаќа статутот** и дека ќе работи во согласност со него, согласно начелата и другите правила на Здружението и за таа цел ќе го потпише **Барањето за членство**, кое станува валидно како **Изјава за членство**, доколку кандидатот ги исполнува сите услови за членство;

■ кандидатот исполнува еден (1) од следните услови - при што кандидатот:

-имал водечка улога во најмалку едно (1) важно долгометражно аудиовизуелно филмско дело (прикажувано во кината или на телевизија во Македонија или во странство ) или водечка улога во театарско дело

или

-имал водечка улога во најмалку едно (1) среднометражно, сериско или долгометражно телевизиско аудиовизуелно дело (истовремено емитувано низ Македонија или во странство) или водечка улога во театарско дело

или

-имал споредна улога во најмалку две (2) долгометражни аудиовизуелни филмски дела (прикажувано во кината во Македонија или во странство) или споредни улоги во најмалку две(2) театарски дела

или

-имал споредна улога во најмалку две (2) среднометражни или долгометражни телевизиски аудиовизуелни дела (истовремено емитувани низ Македонија или во странство) или споредни улоги во најмалку две(2) театарски дела

или

-имал споредна улога во најмалку три (3) епизоди од сериски телевизиски аудиовизуелни дела (истовремено емитувани низ Македонија или во странство)

или

-имал водечка улога во најмалку два (2) кратки филма кои биле јавно прикажани за време на програмата на меѓународен филмски фестивал или емитувани на телевизија низ Македонија или во странство;

или, по исклучок,

-имал улоги во помала мера отколку што е наведено во точките 1-6 овде, но бил поканет да се приклучи на Здружението од страна на најмалку 3 членови. Сепак, таквиот кандидат мора професионално да се занимава со глума надвор од аудиовизуелната продукција;

**а дополнително на** горенаведените 7 услови, таквиот кандидат треба да исполнува уште еден од следните два (2) услови:

1) да има диплома за драмски актер

или

2) професионално се занимава со глума во аудиовизуелни дела или е професионално вклучен во истото најмалку три (3) години.

Кога се одлучува дали кандидатот е соодветен за членство во Здружението, следнава дефиниција треба да помогне при објаснување на концептот на актер во театар и во аудиовизуелни дела или драмски и филмски актер: „Драмскиот/Филмски актер е креативна личност која врз основа на предложен текст (драмско дело, предолошка и сл.) или сценарио создава театарска, филмска или телевизиска улога и е автор на таа улога. Создавањето на улогата се состои од целокупниот концепт и структура на драмскиот или филмскиот лик, кој одговара на концептот на целото театарско или аудиовизуелно дело и создава меѓузависност помеѓу другите улоги, настани, места и жанрот на тоа дело. Креативната работа на актерот вклучува трансформација и постојана интернализација на секој дел од создадениот лик, прилагодување на актерските методи според медиумот во кој ја остварува улогата.

Управниот одбор може да донесе подетални критериуми за оцена на условите, како и подетални правила за процесот на проверка на исполнување на условите во форма на правила за прием во членство.

**Член 17**

Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите, кои тоа го побарале.

Личните податоци се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани податоци согласно Законот за заштита на личните податоци.

**Член 18**

Членовите на Здружението може да имаат статус на:

Редовни
Вонредни и
Почесни;

**Член 19**

Редовен член на Здружението е актер на кого му е одобрено членство во здружението, кој активно делува во актерската дејност, кој ги спроведува одлуките и статутарните програмски цели и задачи, кој ги спроведува обврските од член 23 од овој Статут и кој редовно ја подмирува годишната членарина.

**Член 20**

Членот-кандидат мора да поднесе писмено барање до Управниот одбор, во кое се обврзува да го прифати Статутот и да работи во согласност со истиот (Барање за членство). Кандидатот мора да прикачи копија од своето резиме како актер кон барањето, на соодветен медиум за складирање податоци. Кандидатот може да приложи и други сертификати кои ја потврдуваат неговата соодветност за прифаќање (рецензии, копија од диплома и сл.).

Со потпишувањето на Барањето за членство, кандидатот му дозволува на Здружението да ги обработува неговите лични податоци и да ги потврди тие податоци со државните органи, локалните власти, носителите на јавно овластување, како и други институции и здруженија со цел да се утврдат сите важни околности за да се процени дали кандидатот ги исполнува условите и може да стане член.

Специјален известувач, назначен од Управниот одбор, го прегледува Барањето за членство и уверенијата на кандидатот, проверува дали се исполнети бараните услови за членство и за тоа известува до Управниот одбор. Овој „специјален известувач“ не е функција, туку работна задача и должност на член на Управниот одбор. Може да има повеќе од еден специјален известувач, во тој случај секој од нив го проверува доделеното барање.

На еден специјален известувач може да му се доверат неколку барања.

Доколку кандидатот не ги исполни условите од овој Статут, Управниот одбор ќе го одбие барањето. Доколку кандидатот ги исполнува сите потребни услови за членство, Управниот одбор ќе го потврди тоа соодветен акт, по чиј заклучок кандидатот станува полноправен член.

Одлука за приемот во членство со мнозинство гласови носи Управниот одбор на Здружението.

Од моментот кога кандидатот ќе стане член на Здружението, неговото барање за членство станува Изјава за членство, обврзувајќи го членот да го почитува овој Статут и сите други правила на Здружението. Со Изјавата за членство, членот, исто така, му дозволува на Здружението да ги обработува и складира неговите лични податоци, да ги проследи истите лични податоци за целите на Здружението (по барање или за потребите на државните или локалните власти) и да ги проследи и открие таквите податоци за целите на меѓународните активности на Здружението (на пр. номинации за меѓународни награди, учество на

меѓународни фестивали под покровителство на Здружението итн. Во овој случај, Здружението мора да добие посебна претходна согласност од номинираниот за истиот да го номинира за награда или да го регистрира за меѓународен фестивал).

Здружението мора да одлучи за Барањето за членство и да му ја соопшти својата одлука на кандидатот најдоцна во рок од три месеци од приемот на барањето, инаку барањето ќе се смета за одбиено. Управниот одбор писмено го известува кандидатот за својата одлука, а другите членови се известуваат на седниците на членовите или на општите седници.

Кандидатот, чие Барање за членство било одбиено од која било причина, има право на жалба на ваквата одлука до собранието на здружението, кој орган мора да донесе одлука во рок од три месеци, во спротивно жалбата се смета за одбиена. Одлуката на собранието е конечна.

**Член 21**

Права на редовните членови на Здружението се:

- да гласаат и да бидат избрани во органите на Здружението,
- да соработуваат во активностите на Здружението и да учествуваат во процесите на одлучување на неговите органи,
- да ги користат заедничките достигнувања и резултати од дејноста на Здружението во сопствената работа,
- да учествуваат во работата на разни тела и комисии во Здружението;
- да исполнуваат лични интереси поврзани со активностите на Здружението,
- да соработуваат во создавањето на програмата на Здружението и да бидат запознаени со структурното, финансиското и материјалното управување на Здружението,
- да добиваат награди и признанија за работа со Здружението и за постигнати успеси.

**Член 22**

Вонредните членови имаат право само да ја следат работата на Здружението, без да може да ги остваруваат правата кои ги имаат редовните членови.

Почесното членство е само титула и не означува вистинско членство. Титулата почесен член може да му се додели на секој член со посебна заслуга за развојот и успешната дејност на Здружението, за видлив придонес во угледот на актерската дејност воопшто, или како признание за извонредно творечко достигнување. Заради истите причини, Здружението може да ја додели титулата почесен член на лице кое не е член. Предлог за доделување на оваа титула се доставува од Управниот одбор до Собранието на здружението, кое одлучува со двотретинско (2/3) мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

Статусот на редовните, вонредните и почесните членови, како и условите за стекнување на секој статус поодделно, како и висината на членарината, дополнително се уредуваат со Правилник за членство и членарина донесен од Управниот одбор.

**Член 23**

Членот на Здружението ги ужива правата и е должен да ги почитува обврските што произлегуваат од членството во Здружението.

Обврски на членовите на Здружението се:

- да ги почитуваат статутот, другите акти и заклучоците на органите на Здружението,
- заеднички да креираат и да ги постигнуваат целите и задачите на Здружението,
- да бидат активни во органите на Здружението по нивно избирање во истите,
- активно да соработуваат и со својата работа да придонесуваат за реализација на целите и задачите на Здружението,
- редовно да плаќаат членарина,
- да му ги даваат на Здружението информациите потребни за реализација на заеднички договорените задачи,
- да предложат награди и одлики во рамките на кој било од органите на Здружението,
- да пренесат искуство и знаење на помладите членови на Здружението,
- да го чуваат угледот на Здружението.

За своите постапки членот е одговорен пред органите на Здружението.

**Член 24**

Членството во Здружението престанува доброволно или со одлука на Управниот орган под услови одредени во посебниот Правилник за исклучување на член и престанок на членство, а особено:

- Заради неплаќање членарина;
- Со исклучување поради прекршок на некој член од Правилниците и другите акти кои му нанесуваат штета на угледот на Здружението или заради неизвршување на обврските предвидени со членство во Здружението;
- доколку од било која причина повеќе не ги исполнува условите и критериумите за членство;
- Поради престанок на Здружението;
- Поради смрт.

**Член 25**

За повторно стекнување на членството кое престанало заради неплаќање на чланарината, потребно е се достави молба до Управниот одбор на Здружението и доколку таа биде прифатена и се подмират претходно заостанатите чланарини, може повторно да се обнови членството во Здружението.

Од оправдани причини членот може да биде ослободен од плаќање членарина, за што решава во постапка Управниот одбор.

**Член 26**

Здружението води Регистар на членови и податоци за регистарот на членовите, Здружението ги ажурира најмалку еднаш на шест месеци, а задолжително пред секоја седница на собранието на Здружението.

Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите, кои тоа го побарале.

Личните податоци се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани податоци, согласно Законот за заштита на личните податоци.

## IV. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НИВНА НАДЛЕЖНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ОДГОВОРНОСТ, НАЧИН НА РАБОТА, ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ

**Член 27**

Органи на Здружението се:

- Собрание на Здружението;
- Претседател на Здружението;
- Управен одбор на Здружението;
- Надзорен одбор на Здружението; и

**Член 28**

Права и должности на избраните членови на Органите на Здружението се:

- Да ги спроведуваат одредбите од овој Статут;
- Да придонесуваат за развојот на Здружението;
- Да предлагаат и решаваат прашања од заеднички интерес;
- Да работат на спроведување на заедничките и други активности што произлегуваат од Статутот

### IV.1. СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 29**

Собранието е највисок орган на Здружението.

Основачите на Здружението се членови на собранието.

Собранието го сочинуваат сите редовни членови на Здружението кои имаат одобрено членство и платена чланарина за тековната година.

Работата на Собранието е јавна.

Одлуките се носат со јавно гласање доколку Собранието не одлучи поинаку.

**Член 30**

Собранието работи на седници.

Седницата на Собранието ја свикува Претседателот на здружението.

Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно.

Седницата се свикува со јавна покана на веб – страната на Здружението како и со испраќање на електронска пошта до членовите.

Вонредната седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

**Член 31**

За кворум на Собранието и за донесување полноважни одлуки се смета доколку на седницата на Собранието присуствуваат најмалку 1/2 од членовите на Собранието.

Седница на Собранието може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку конференциска врска, со присуство и учество за времетраење на целата седница, а по одобрено отсуство преку електронска пошта.

Одлуките се носат со просто мнозинство гласови од присутните освен доколку поинаку не е определено.

Одлуката за престанок на Здружението се донесува со 3/4 мнозинство од вкупниот број на членови во собранието на Здружението.

**Член 32**

Собранието може да биде свикано како:

Редовно собрание;

Вонредно собрание.

**Член 33**

**Редовно собрание на Здружението**

Редовно собрание на Здружението, се свикува најмалку еднаш годишно. Го свикува Претседателот, по писмен предлог на Управниот одбор или Надзорениот одбор, со поддршка на најмалку 2/3 од членовите на Управниот одбор или на Надзорниот одбор на Здружението.

Редовното собрание на Здружението може да заседава ако се присутни 1/2 од вкупниот број на членови на Собранието.

Одлуките се носат со просто мнозинство од вкупниот број присутни членови на Собранието, освен ако со овој статут или со посебна одлука на собранието не е поинаку определено.

Доколку на закажаното редовно собрание не се присутни ½ од вкупниот број на членови на Собранието, истото може да се презакаже.

**Член 34**

Редовното Собрание одлучува со гласање, вклучително и за изборот на Претседател, членови на Управниот одбор, членови на надзорниот одбор и членови на Трибуналот на честа, како и за членови на комисиите и експертските групи.

**Член 35**

Доколку 1/3 од членовите на Здружението по писмен пат предложат свикување на Собрание, Претседателот на Здружението е должен најдоцна 15 дена од поднесувањето на иницијативата да го свика Собранието кое ќе се одржи не подоцна од 30 дена од поднесувањето на иницијативата.

Кон иницијативата задолжително е потребно да се наведат причините за свикување, дневниот ред, предлог место и термин на одржување и да ги достават соодветните материјали.

Доколку претседателот во рок од 15 дена од денот на добиениот предлог од став 1 на овој член не свика седница на Собранието, седницата со јавен општ повик на веб страната на Здружението или со испраќање на известување по е-маил до членството ја свикува Управниот одбор со поддршка од најмалку 2/3 од своите членови.

**Член 36**

Начинот на свикување на седницата на Собранието на Здружението и други прашања од работата на Собранието се уредуваат со овој Статут, и евентуално со други акти кои може да ги донесе собранието.

**Член 37**

Писмените материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, на членовите на Здружението им се даваат на увид најмалку 14 дена пред одржување на седницата.

**Член 38**

Собранието може да расправа и да донесува одлуки само за работите и прашањата за кои е свикано.

**Член 39**

За работата на Собранието се води писмен записник кој се чува во архивата на Здружението и е достапен за сите членови на Здружението.

**Член 40**

Надлежности на Собранието:

- Донесува Статут и врши негови измени и дополнувања
- Донесува акти, одлуки, заклучоци и препораки за решавање на прашања од работата на Здружението
- Донесува краткорочна и долгорочна програма, која се регулира со посебни одлуки.
- Донесува Деловник за работа
- Усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај кој е јавен и достапен за сите членови
- Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините чии средства ги користи за своите активности.
- Одлучува за промени во насоките и целите на Здружението
- Одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението
- Одлучува за формирање на нови оддели/секции и го донесува Правилникот за работа на истите
- Избира и разрешува Претседател и Потпретседател на Здружението, членови на Управен одбор, членови на Надзорен одбор и членови на Трибуналот на честа, како и на работни и експертски групи и комисии
- Одлучува за статусни измени на Здружението
- Донесува Правилници за организирање и работа на органи на Здружението
- Донесува Финансиски план, одлука за располагање со средствата и нивно отуѓување и врши Ревизија за финансиското работење на Здружението
- Го разгледува и усвојува извештајот на Управниот одбор, Претседателот, Надзорниот одбор, Почесниот трибунал и комисиите и експертските групи
- Востановува признанија и награди по предлог на Управниот одбор, донесува акти со критериуми и постапка за нивно доделување
- Одлучува по жалби
- Со тричетвртинско мнозинство од вкупното членство со право на глас донесува Одлука за престанок на работата на Здружението
- Врши други работи во согласност со Статутот и актите на Здружението

## IV.2. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 41**

Здружението го застапува и претставува Претседателот.

Претседателот се избира за период од 4 години со право на повторен избор.

Претседателот на Здружението е член на Управниот одбор и е претседател на Управниот одбор.

Претседателот на Здружението е застапник по закон на Здружението кој е овластен за застапување на Здружението.

Претседателот се избира и именува на начин утврден во овој Статут.

Кандидатот за Претседател на Здружението мора кумулативно да ги исполнува следните критериуми:

- Високо образование од областа на актерска игра или глума;
- Најмалку 20 улоги во театар или 5 улоги на филм;
- Искуство во области на развој, заштита и унапредување на правата на професионалните актери;
- Познавање на најмалку еден од светските странски јазици.

Застапник на Здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија.

Правата и обврските на застапникот на Здружението ги врши во согласност со Законот, статутот и актите на Здружението.

**Член 42**

Надлежности на Претседателот на Здружението:

- Го претставува и го застапува Здружението
- Ги свикува и претседава со седниците на Управниот Одбор и на Собранието
- Ги спроведува одлуките, ставовите, заклучоците и препораките на Собранието на Здружението и на Управниот Одбор;
- Ги потпишува актите што ги донесува Собранието, Управниот Одбор и другите акти што ги склучува Здружението;
- Ги прогласува наградите и признанијата на Здружението;
- Потписник е на сметките на Здружението;
- Врши и други работи што ќе му ги додели Собранието и Управниот Одбор, во согласност со Статутот и другите општи акти и превземени обврски на Здружението

Во случај претседателот на Здружението да е во фактичка невозможност да исполни некои од обврските и задолженијата, потребно е да го извести Потпретседателот да го заменува за тие конкретни обврски и задолженија.

**Член 43**

За својата работа Претседателотот и Потпретседателот одговараат пред Собранието на Здружението.

## IV.3. УПРАВЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 44**

Управниот одбор се состои од 5 членови. Претседателот на Здружението е член на управниот одбор по функција.

Останатите членови на управниот одбор ги избира Собранието.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае 4 години, со можност за повторен избор.

Претседателот на Здружението, по функција е Претседател и на Управниот Одбор и тој го претставува и застапува Здружението.

**Член 45**

Управниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Управниот Одбор се состанува по потреба, а најмалку 2 пати годишно.

Седницата на Управниот Одбор ја свикува Претседателот на Здружението, а во негово отсуство, по потреба се свикува по барање на било кој член на Управниот Одбор.

**Член 46**

Надлежности на Управниот одбор:

- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението како и одлуките и заклучоците на Собранието;
-Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
-Ги спроведува сите задачи и активности поврзани со формирање на комисии и експертски групи;
-Одлучува за членство во меѓународни организации, за поврзување или здружување во сојуз, а со цел да ја унапреди својата работа и активност за остварување на други цели;
- Остварува соработка помеѓу Здружението и други Организации;
- Ги подготвува и предлага работните програми на Здружението;
-Ја реализира мандатната програма, како и тековната Годишна програма за работа на Здружението, кои се донесени од Собранието;
- Подготвува предлог Статут и други акти на Здружението и предлага измени и дополнувања на истите;
- Ги подготвува Правилниците за работа на Здружението.
- Свикува седница на Собранието на Здружението, во согласност со Статутот;
- Ги подготвува седниците на Собранието, материјалите за тие седници и ги усвојува соодветните предлози за седниците на Собранието;
- Ги спроведува одлуките на Собранието;
-Формира свои постојани и повремени помошни тела како што се: стручна комисија, статутарна комисија, одбори и слично и ја насочува нивната работа и врши контрола врз истата:
- Подготвува и поднесува до Собранието, Финансиски план и Завршна сметка на Здружението и го доставува Финансискиот извештај до Собранието;
- Подготвува годишен извештај за својата работа;
- Донесува одлуки за прифаќање спогодби и склучување договори;
- Донесува Одлука за висината на членарината;
- Донесува предлог за прием и престанок на членството во Здружението;

-Донесува одлуки за набавка и отуѓување на основни средства за работа на Здружението, за печатење литература и за други потреби;
- Донесува одлуки за распределба на финансиските средства на Здружението;
- Одлучува за доделување на награди и признанија;
-Одлучува за организирање и учество во проекти;
- предлага финансиски план и годишен буџет до Надзорниот комитет,
-решава за финансиските и материјалните работи на Здружението,
-управува со средствата на Здружението,
-усвојува одлуки за промена на деловната адреса на Здружението,
-одлучува за прием на нови членови,
-предлага формирање на фондови и актерски награди,
-подготвува извештаи за јавноста,
-дава предлози за доделување на титулата почесен член,
-издава членски картички за Здружението,
-ја предлага висината на членарината до Генералното собрание,
-делегира членови на жири, конференции, свечени и работни состаноци, фестивали, симпозиуми и официјални делегации, одбори и други органи на институции,
-ги основа и распушта комисиите на Здружението, ги определува неговите задачи и бројот на членови и ги назначува претседателите на комисиите,
-го определува раководењето со управата на Здружението,
-свикува консултативни седници на членови,
- Донесува и други одлуки што ќе произлезат од тековното работење;
-Врши и други активности.

**Член 47**

До формирањето на органот како Управен одбор функционираат основачите на Здружението.

За својата работа Управниот Одбор одговара пред Собранието на Здружението.

## IV.4. НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 48**

Надзорниот одбор брои 3 члена кои од редовните членови на Здружението или од Основачите ги избира Собранието на Здружението.

Членовите во Надзорниот одбор не може да бидат членови во другите ограни на Здружението.

Членовите на Надзорниот одбор од својот состав избираат Претседател на Надзорниот одбор.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 4 години, со право на повторен избор.

**Член 49**

На седниците на Собранието може да присуствуваат сите членови на Надзорниот Одбор, но без право на глас.

**Член 50**

Надлежности на Надзорниот одбор:

- Врши контрола врз примената на Статутот и другите општи акти на Здружението
- Врши контрола врз материјално-финансиското работење на Здружението

- Врши контрола врз наменското располагање со средствата и приходите на Здружението
- Предлага соодветни мерки и решенија за работењето на Здружението пред Собранието и Управниот Одбор на Здружението
- Најмалку еднаш годишно до Собранието на Здружението поднесува извештај за своите наоди и одлуки
- Ако оцени дека е потребно, согласно Статутот на Здружението, може да предложи свикување на вонредна седница на Собранието или на Управниот Одбор на Здружението.

**Член 51**

За својата работа Надзорниот Одбор одговара пред Собранието на Здружението.

## V. ТРИБУНАЛ НА ЧЕСТА

**Член 52**

Здружението може да има Трибунал на честа, кое тело се оформува со одлука на Собранието на здружението.

**Член 53**

Трибуналот на честа може да преземе дел надлежностите на Упавниот одбор околу спроведување дисциплински постапки и изрекување дисциплински мерки во согласност со дисциплинските правила.

Трибуналот на честа може да расправа за следните дисциплински прекршоци:

- прекршување на статутните регулативи,
- невнимателно и несовесно прифаќање и извршување на прифатените задачи и функции во Здружението,
- неуспех да се спроведат одлуките на органите на Здружението,
- дејствија кои на кој било начин му наштетуваат на угледот на Здружението.

**Член 54**

По дисциплинската постапка во согласност со дисциплинските правила, Почесниот трибунал ги изрекува следните дисциплински мерки:

- известување,
- јавно известување,
- исклучување.

Засегнатиот член има право на жалба против решението на Почесниот трибунал до Собранието.

## VI. КОМИСИИ

**Член 55**

Управниот одбор може да назначи посебни комисии за извршување на конкретни задачи.

Овие комисии се одговорни пред Управниот одбор и известуваат за нивната работа на седниците на членовите и на Собранието. Комисиите работат според нивните регулативи кои ги потврдува Управниот одбор.

Управниот одбор распределува задачи, го определува бројот на членови и ги назначува претседателите на комисиите. Кога на седницата на Управниот одбор се расправа за прашања на посебна комисија, на истата седница се поканети раководителите на соодветните комисии.

## VII. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

### Член 56

Здружението може да има генерален секретар кој се именува и се разрешува од страна на Управниот одбор на Здружението.

Генералниот секретар на Здружението, во согласност со таа функција, ги извршува следниве професионални и административни задачи:

-обезбедува техничка, стручна, финансиска и административна поддршка за работењето на Здружението и неговиот Управен одбор;

-им помага на претседателот на Здружението и на потпретседателот во организирањето на работата на Здружението и неговиот Управен одбор;

-е одговорен за собирање, подготовка и испорака на материјали;

-изготвува извештаи за активности;

води записници од седниците на Генералното собрание и Управниот одбор на Здружението;

-води евиденција за спроведувањето на решенијата и одлуките на Генералното собрание и Управниот одбор на Здружението;

-ја координира работата на комисиите, работните групи и експертите;

-се грижи за подготовка и архивирање на материјалите, и

врши и други стручни и оперативни задачи.

Генералниот секретар на Здружението е одговорен за неговата работа пред Управниот одбор на Здружението.

## VIII. СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 57

За извршување на административни стручни, технички и помошни работи за извршување на задачите и целите на Здружението се организира стручна служба.

Со работите на стручната служба раководи лице избрано од Управниот Одбор.

За својата работа лицето е одговорно пред Управниот Одбор.

### Член 58

Делокругот на работата на Стручната служба е да ги врши стручните, организационите и административните работи на Здружението, ги сервисира органите на Здружението и да ја администрира политиката и програмите одобрени од Здружението.

## IX. ОДДЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 59

Заради подобра координација и професионална застапеност на интересите и правата на специјализирани групи професионалци, како и за размена на искуства и заедничко

дејствување во областите на својата професионална специјализираност, во Здружението може да се основаат Оддели на професионалци и соработници.

Одлука за формирање на Оддели во почетната фаза донесуваат основачите на Здружението а во подоцнежното работење Собранието на Здружението.

## X. НАЧИН И УЧЕСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО ОРГАНИТЕ И НИВНИ ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ

### Член 60

Членовите на Здружението ги имаат следните права, должности и одговорности:

- Активно да работат на остварување на целите и задачите на Здружението;
- Да избираат и да бидат бирани во органите и телата на Здружението;
- Да учествуваат во работата на органите и телата на Здружението согласно закон и овој Статут;
- Да го почитуваат Статутот и другите акти на Здружението и да го чуваат угледот на Здружението;
- Да покренуваат иницијативи и да даваат предлози за унапредување на работата на Здружението;
- Да бидат информирани за финансиско-материјално и друго работење на Здружението, односно неговите органи

## XI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 61

Здружението, средствата за финансирање ги стекнува од:

- Членарина
- котизации за организација на семинари, предавања, работилници
- грантови од меѓународни институции
- амбасади и културни асоцијациии од земјата и странство
- спонзорства
- Проекти подржани од разни институции
- Министерството за Култура и сите други министерства кои подржуваат проекти од областа на аудио – визуелното творештво, или проекти поврзани со поттик и поддршка на културни манифестации, фестивали, обуки и сл.
- Локалната самоуправа
- Други средства од буџетот на РСМ
- средства добиени со пријавување на јавни конкурси и тендери,
- средства добиени од државни органи, институции, локални заедници, асоцијации и приватни лица и организации,
- подароци и придонеси од поединци, организации, донатори и спонзори,
- Регионални фондови и центри
- основачки влогови
- доброволни прилози
- донации
- подароци (во пари, добра, имотни права)
- завештанија
- легати
- дејности со кои се стекнува добивка согласно со Закон

- закупнини
- приходи од инвестиции
- дивиденди
- камати
- заеми и
- други приходи во согласност со Закон.

**Член 62**

Финансиските средства на Здружението се употребуваат за остварување за целите на Здружението определени со Статутот и Програмата за работа.

Членовите на органите на Здружението и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Здружението, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со Закон и Статутот.

Средствата на Здружението не може да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица, освен во случај кога член на Здружението е корисник на услугите на Здружението, во согласност со целите определени со Статутот и Програмата на Здружението.

Работата во органите на Здружението е доброволно, а членовите на истата може да примаат надоместок за патни и дневни трошоци како и за вршење на работи во органите во Здружението во согласност со Закон.

Вработените имаат право на плата и надоместоци, кои ќе бидат исплаќани во согласност со Закон, Колективен договор, и Правилник за исплата на плати и надоместоци на вработените.

## XII. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

**Член 63**

Здружението може да формира Комисија за награди и признанија од редовни членови на Здружението.

Комисијата предлага доделување на награди и признанија до Управниот одбор на Здружението кој одлучува за нивното доделување.

Организацијата и работата на Комисијата се уредува со акти што ги донесува Собранието по предлог на Управниот одбор.

## XIII. ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 64**

Здружението ќе престане да постои, ако е:

- Донесена одлука за престанок на постоење во согласност со Статутот
- Во две последователни години не е поднесена завршна пресметка во согласност со закон
- Статусна измена (присоединување, спојување или поделба на Здружението со други организации) која предвидува престанок на постоењето на Здружението во согласност со Законот на Здруженија и фондации(во понатамошниот текст ЗЗФ)
- Со одлука на надлежен суд

- Стечај
- Спроведена ликвидација.
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање на Здружението.

**Член 65**

По законскиот престанок на работа на Здружението, имотот и средствата што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на легитимен правен наследник, кој дополнително ќе биде определен.

Во спротивност, имотот и средствата се пренесуваат на Општина Центар или Градот Скопје.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 66**

Статутот на Здружението го усвојуваат основачите на Здружението до формирање и почнување со активности на Собранието со мнозинство од вкупниот број на основачи на Здружението, а го потпишува Претседателот на Здружението.

Сите прашања значајни за организацијата, дејствувањето и работата на Здружението кои не се регулирани со Статутот, се регулираат со посебни одлуки и Правилници кои ги изготвува управниот одбор, а ги донесува собранието.

**Член 67**

Толкување на одредби од овој Статут дава Собранието на Здружението, а во периодот додека да се конституира Собранието, тоа го прават основачите. Помеѓу две Собранија ова право го има Управниот одбор на Здружението.

**Член 68**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје, 18.04.2023 година